Предлог

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден __12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

**Член 1**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.16/25), во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата“, во табелата, реден број 6, во колоната „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

2. По реден број 8 се додава нов реден број „9“ кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на ЦРВПР | 969.260,00 | 0 |

3. Во редот „Вкупно“, во колоната „Буџет на Општина Велес“ износот „9.158.000,00“ се заменува со износот „9.627.260,00“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Со предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година се врши изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.16/25), во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата“ на начин што во табелата, реден број 6, во колоната „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

По точката со реден број „8“ се додава нова точка со реден број „9“ за активност „Дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на ЦРВПР“, односно во колоната „Буџет на Општина Велес“ се предвидува износ од 969.260,00 денари.

Согласно член 3 од Одлука бр.02-143/7 од 01.12.2025 година, донесена од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион „општините учествуваат во дополнително финансирање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, во вкупен износ од 2.774.440,00 денари, распределени по општини согласно динамика и структура на учество: Општина Велес во износ од 969.260,00 денари“.

Дополнителните средства се наменети за реализација на програмските активности на Центарот, како и за унапредување на регионалниот развој во Вардарскиот плански регион, согласно годишната програма за работа и финансискиот план на Центарот.